157,1,24/372-375

## ПОЛИТИЧКИОТ РЕФЕРАТ НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АСНОМ ДРУГАРОТ ЛАЗО КУЛИШЕВСКИ

Нашето ванредно заседание се држи во време во многу различно од оноа когай ние последниот пат бевме собрани. И затоа е нужно да се свртиме како на внатрешната, така и на надворешната политичка ситуациа.

Денеска околу фашистичка Германиа се вие единотвениот обрач на сойузничките фронтови. Тсй обрач се стега со секойа победа на славната Црвена армиа, со секойа сойузничка победа. Найголемиот неприател на човечеството- фашистичка Германиа, напуштена од сите свои сойузници, деновка трпи праведна одмазда за своите недела. Тайа загуби секой адут да може ефтино да се извлече од заслужената судбина со тоа што ке го пренесе огинот на войната мегъу сойузниците. Решениата од Кримоката конференциа на сите сойузнички водачи, СТАЛИН, ЧЕРЧИЛ и РУЗВЕЛТ йасно зборейат за невозможноста да се провоцира еден конфликт мегъу сойузниците. Последните усилени победоносни операции на сойузничките фронтови се доказ да Кримските решениа се спроведуйат во дело.

И покрай безисходното положение во кое се найдуе, фашистичка Германиа не престануе грчевито да се бори. При тоа она употребуе и такви сретства кои би и овозможиле една подолготрайна подземна борба до нова светска война. Едно од тие средства е и пуштанъето на терористичките падобранци на ослободената териториа како што беше случайот во Србиа, кой веровотно не е осамнен. Потоната во злочини хитлерова Германиа неможе да йа види сета безуспешност на тие свой провокации, оти решениата на Кримската конференциа за соработуенье мегъу сойузниците се протегаат и на мирот, тие баш го предвидуват и обезвредуенъето на Германиа за секогаш. Ама ние не смееме да ги затвораме очите пред провокациите на фашистите како од Германиа така и од Италиа. Примерот со Италиа йасно зборуе дека войничкиот погром, ~~не е скршен и фашизмот,~~ ако не го следи радикалначистка на сите негови фашистички корени и коренчинъа. Така и последните задоцнети войни обйави на Турциа, Аргентина и др. хитлерови довчерашни лиферанти и експоненти ние требе да ги гледаме во правата им бойа: како опит на слугите кои загубената игра на свойот господар сакайат да йа надополнат со фалшива карта, со трик. Прогоните на ЕЛАС и нашето македонско население од страна на монархо-фашистите во Грциа, нападите на Грчкиот и турскиот печат и нивните смешни завоевателни планови против нас йасно покажуват како фашизмот со своите поетанки се труди да внесе раздор мегъу балканските народи и нудейки се на реакциата за една жандарска ролъа над слободолъубивите народи, фашизмот сака да се заварди во некой земйи, од каде да удри нож во грбот на соединетите нации и пак да воскрсне. Отука требе да бидеме на чисто дека фашистичка Германиа и мегународната реакциа ке се опитуат да провоцираат таму кай што имаат преку кой да ги спроводат, имено преку свои замаскирани агенти, упреподобени довчерашни свой слуги или лажни демократи.

Нашата славна Йугословенска Титова армиа во катадневните

борби на йугословенскиот фронт, рамо до рамо со Црвената армиа и со учаството на бугарски единици, покажуе се повеке дека го заслужуе името на модерна армиа. Тайа покажуе видни успеси во совладуеньето на модерната воена техника и тактика, така да може да извойуе големи победи и во фронтален бой, какo што е ослободуеньето на главниот град на Босна и Херцеговина САРАЙЕВО. Успесите на нашата Армиа се должат на гениалното раководство на врховниот командант маршал ТИТО и на усрдните напори на нашите борци. Успесите се должат и на помокьта, укажана на армиата од нашиот тил. Благодарение на сето тоа и на помокьта на Црвената армиа, како и на участието на бугарски единици, ниеx гледаме како бргу се ослободуе дел по дел од Йугославиа и како окупаторот нема да успее неказнет да избега од нашата земйа. Тоа растенье и засилуенье на нашата славна Армиа, тие нейзини успеси го прават уште поголемо нейзиното значенйе во сойузничкиот фронт против фашизамот.

Денес може да се каже дека во целата земйа на ослободената йугословенска територйа се постигнати сериозни успеси во нормализирането на условиата, во изградуеньето на пустошот кои ни го остави зверскиот окупатор. Сето тоа овозможуе да нашата општа Татковина е сложен военен логор, еден единствен тил кой под паролата "Се за фронт" работи за општата победа. Белки нема друг пример да една земйа до тайа мера е искрвавена, ограбена и разрушена како нашата и во моментот уште сите рани не и се излечени, со таков полет и со таков темпо йа гради својата армиа и води победоносна война. Това се должи на високата патриотска и политичка свест на нашите народи, кои извойуйки си йа националната равноправност и правата на народна демокрациа, знайат да за тие права требе да се бие бой до уништуеньe на найголемиот неприател на националната равноправност и демократиата, до уништуеньето на фашистичка Германиа и нейзините слуги. Нашите народи знайат да слободата и равноправноста на секой еден од нив не се сигурни додека не е слободна и независна цела демократска федеративна Йугославиа. И за тоа нашите борци од сите народности на единствената Титова армиа се бийат во СРЕМ и БОСНА, за ЗАГРЕБ и ЛЬУБЛЬАНА, како за БЕОГРАД и СКОПЙЕ, а во нашите федерални единици на секаде се живее и гради под паролата "се за фронтот се за победата". За тие успеси во исполнуењето на задачите во врска со войната и фронтот голема заслуга е на народната власт, која успе да йа организира помокьта на фронтот. Се повеке и повеке се потврдуе вистината дека Народно-ослободителниот покрет е раководна државна сила во нашата земйа. Онака, како той покрет ги згази сите издайнички пароли" за чекање", сите теории за невозможноста на народно-ослободителната борба, йа згази и пропагандата на овиа фашисти во земйата и на бежанската клика во странство, да ние не смейме биле способни да градиме држава. Народно-ослободителниот покрет и на оваа поле извойува победа за победа. Безспорно една од найголемите йе образуваньето на единственото правителство. Формираньето на Единственото йугословенско правителство йа потврди най-сйайно сета истинитост на той факт да нема и неможе да има друга сила во нашата земйа освен народно-ослободителниот покрет, да неговите врати се отворени на секой родольуб

кой сака да соработуе ,но да е осуден на политичка пропаст секой оној , кој ке се опита да води борба против него. Така образуваньето на Единственото правителство значи полен политички пораз на бежанската клика и пораз во земйата на онайа клика койа чекаше нешто трето. Формираньето на Единственато правителство дойди да покаже да народната Власт не е од привременен карактер, да демократска федеративна Йугославиа не може да биде поле на провокации за разделуваньето на Сойузниците. Од формираньето на Правителството ние сме сведоци за уште поголемото затврдуенье на нашите мегьународни позиции. На нашата земйа пристигат дипломатски преставници од сойузничките нации, а и наши дипломатски преставници идат тамо; беше склучен поволен договор со УНРРА по кой би требало да ни се даде заслужената со нашето участие во борбата помошь. Но событие од найголемо политичко значение за нас е последните денови склучениот во МОСКВА споразум за приятелство, взаимно помаганье и послевоено соработуење мегьу демократска федеративна Йугославиа и Советскиот Сойуз. Той споразум од неоценимо за нас значение, потпишан од маршал ТИТО и МОЛОТОВ значи затврднуенье на постойаните блиски взаимни односи мегьу нас и Советскиот Сойуз, значи утврдуванье на едно постойенье положение, но значи и чекор напред за уште поблиски, найблиски односи и найполно соработуенье. Споразумот дойде како истакнуванье на вековните стремежи на нашите народи за тесна дружба со големата Славианска земйа. Той значи истакнуванье на оной идеал за кой илйадници наши борци загинаа во борбата против окупаторот и порано во борбата против старите поробувачки режими.

Склучениот споразум значи голем прилог за извойуваньето на крайната победа над фашизмот, а значи и голем прилог за безбедноста и изградуваньето на долготраен мир. Той споразум почива на братството на нашите слободольубиви народи проверено во заедничката борба, на силата на нашето йуначко оружйе, почива на заслужената заедничка срекьна иднина за нашите славни народи чийте идни поколениа ке знайат да го ценат и доградуват делото на заедничката борба, ке знайат да го чувайат и споведуйат склучениот договор. Споразумот йе документ на бойниот сойуз на нашата земйа со спасителскиот Совйетски Сойуз. Пред той бойен сойуз секойа провокациа на фашиските терористички агенти и пискарала станува уште по бедна и по илузорна. За нас заштитата и приателството на Советскиот Сойуз од секой пат биле драгоцени, тие беа едно време и единствената, а за сето време на Народно-ослободителната борба и найголема помошь на нашиот покрет. Тайа поткрепа койа со потпишуваньето на договорот ке биде од уште поголемо значение за нас, значи да денешните мачнотии ке ги превалиме и нашите це[illegible] од народно-ослободителната борба ке ги затврдниме, и нашата земйа ке йа изградиме полесно и посигурно со помошьта на братскиот Совйетски Сойуз.

Преди да прейдам на внатрешното положение на Македониа требе да се сетиме за скорашното заседание на Народната скупштина на братскиот српски народ, Това заседание ни покажуе уште еднаш за братскиот српски народ

даде голем допринос за фронтот, за изградувањето на државната ни заедница. Во некои постижанија чак можиме да речиме да ни служи за пример, а това особено се однесува на помошта дадена на фронтот.

Од II-то заседание на АСНОМ ние во Македониа сме зачекориле доста напред и во политичкото положение, сакам да кажам во однос на внатрешните политички позиции на Народно-ослободителниот покрет и на народната власт. За това говорат сапите факти. Президиумот распиша избори кои беа така изведени од ЕНОФ и дадоа такви резултати да можеме уште еднаш слободно и со полно право да речеме: "Никой пат македонскиот народ не бил единствен како денес во редовите на ЕНОФ и околу народната власт. Македонскиот народ знае да йа цени слободата добиена во рамките на Титова Йугославиа извойувана со крвта на своите най-арни синови и найарните синови на сите йугословенски народи. Македонскиот народ знае што значи народна власт и е зрел да йа ГРАДИ."

ИЗБОРИТЕ НИ ДОКАЖАА ДЕКА ВО СВОЕТО НАЙПОЛНО МНОЗИНСТВО МАКЕДОНСКИОТ НАРОД СТОИ БЕЗКОМПРОМИСНО НА ЛИНИАТА НА ЕНОФ. Нашата предизборна политичка активност беше исполнета со содржание, на предизборните конференции, се покренуваше како прашањето на помош за фронтот така и прашањето за изградувањето, така и прашањето на братство и единство со малцинствата. Се покренуваше исто така и прашањата на сите народни издайници, прашањето на еднократниот данок, прашањето на борбата против шпекулантите и войните богаташи. Ако некаде се опитаа некой шпекуланти или изменйарн да се удираат во гради "занарод" народот сите ги оценуваше не само по зборовите, ами на прво место по делата. Така во предизборните конференции и зборови и на изборите излегоа бройани народните непрнатели и рушителите на народното единство.

Вистина е дека пред изборите, а и сега малобројните агенти на фашизамот се опитуат да си створат потпора мегйу турското, албанското а и другите малцинства. Развивайки го од една страна македонскиот шовенизам, а од друга страна антагонизамот мегйу разните националности, тугите агенти, како врховистите, дражичевците, големотурците и големоалбанците, би сакале да предизвикат недоверие кон народно-ослободителниот покрет и народната власт и да створат условиа за сеенйе смутови. Изборите им бейа най-арен одговор дека старото нема да се врати, зошто денес народот е на власт. Изборите йа покажаа еднаш за секой пат и еднодушноста на нашиот народ да сака да живее во рамките на демократска федеративна Йугославиа, за жалост на големоалбанците, големотурските и слично настроени реакционери. Изборите, како и просветните, економски и другите мерки докажуат уште еднаш дека право на учествуенье во изградуеньето на народната власт и право на учествуенье во народната власт во слободна Македониа имат сите полноправни грагйани без разлика на народност и вера, стига да се готови да учествуат во борбата против фашизамот и во изградуеньето на нашата држава.

Со изборите нашата народна власт, нашата селска, општинска, градска и околиска народна власт се демократизира и се зацврона онака како што мие си поставихме за задача на II заседание. Избиранйето во догледно време и на окружните одбори, ке йа заврши уште повеке на теренот тайа задача за демократизиранье и зацврснуванье на нашата власт.

Мие можеме да кажеме дека економски и финансийски го поминафме най-тешкото време. Нашите државни финансиски сретства за ова време беа мали и ке беа многу помали да не беше големата помош на Националниот комитет и ЕНОФ. Найголемиот извор, од кой требеше да црпиме за да одговориме на предстоеките економски нужди еднократниот данок, не се исполни поради колебливоста на некои наши органи и неодзивот и саботираньето на големите данакоплатци. Така и нашите економски возможности беа многу мали и многу попречиа за обезбедуеньето на материалните нужди на нашата армиа, нашите пострадали краишта и нашите широки бедни и средни селски и градски маси. Но покрай се, Президиумот и нашите одбори со грамадни усилиа излегуева на срешта на тие нужди. Така на пр. беше донесена уредбата за минимална надница, за цените на селските продукти, задруги, се даде кредит за войничките фамилии, се распиша заем за тутунопроизводителите и т.н. Това говори да едно од првите гайлинья на нашата народна власт, и покрай сите тешкотии, беше решаваньето на економското прашанье на нашите най-широки маси.

Денес во голем дел нашиот сообраксйай е нормализиран. По той начин прашаньето за мегйуградскиот и мегйуфедералниот сообраксйай и транспорт беше решено во голема мерка и, условиата за правилна циркулациа на стоките се остварени.

Мие не говориме за нашите постижениа во работата за фронтот, затова што тука покажуваме най-голема слабост. Од слабостите во политиката и работата на нашата народна власт ние овде и секаде мораме да йа констатираме тайа, да нашата политика и работа недоволно носи печатот на времето во кое живееме, печатот на военииот дух и стил. Мие често пати не се раководиме со това што е нашата земйа во война, во победоносна но напорна война против фашизамот. Това не смее да се заборви! Не се раководиме често ни од това да мие под изменени условиа и со нови средства водиме борба против замаскираните зостатки од фашизамот. Тука се крие йазалот на низ наши други слабости, кои векйе имаат свой лоши последици и ако не ги отстраниме, би имале уште по-лоши последици.

На прво место, нашата помокй за фронтот до сега не одговара на возможностите на нашата земйа койа е най-малку пострадала во сравнение со другите земйи на Йугославиа. Мие можиме и мораме под паролата " Се за фронт-" да дадеме многу повекйе за нашата Армиа.

Ке биде нужда уште една проверка на сите сили способни за оружйе, кои според уредбата на Главниот штаб подлежат на мобилизациа. А да ги какви има, най-арно ке се увериме ако тргниме еднаш по скопското,

./.

битолското и друго некое "корзо", па и по нашите надлештва каде можат да се найдат уште такви. Ние сме земйа каде сите граѓйани имат еднакви права, а за еднакви права се должат и еднакви должности. Ние нема и не смееме да дозволиме да за слободна Македониа едни дале и даваат се, па и животот, од некой фамилии по двайца, тройца а и хранители се на фронт, а да некой мамини синковци, користейки ги извонредните врзники се криат по топли места или едноставно неодговарат на задолжениата. Вршейки йа тайа проверка, мие ке можеме да видиме каде има такви случайеви да по неколку од една куќйа се во войската и сите неправилни случаеви, да ги поправиме, а против забушантите да земеме нужните мерки. Тука влегуе и нужната ефикасна помоќ за нашите бедни войнички фамилии.

Паралелно со това нужна е по-голема мобилизациа и поплански распоред на работните сили за работниот фронт. За обезбедуенье помоќ на фронтот, за обезбедуенье на летината, за обезбедуенье општиот план за изградуенье нужни ни се повеќйе работни раце. Народната власт ке требе да ги изнайде и распореди. Това ке значи уедно ефикасна помоќ на нашиот воен фронт, на нашата йуначка Армиа.

Макар да на II заседание на АСНОМ йасно беше подцртана ~~опасноста од~~ сепаратизамот, поедините грешки од сепаратистички карактер и нужноста да се по най-брз начин ликвидират истите, мие за жалост мораме одново да йа констатираме тайа слабост каи органите на нашата народна власт. Се уште има наседнуенье овде-онде на некой сепаратистички тенденции, свесни или несвесни стремежи, кои криат во себе си голема опасност, зошто значат кршенье на основните принципи на федеративното уредуенье, кои Македониа единствено й гарантират слобода и равноправност. До колку тайа слабост не йа отстраниме каи по-високите наши органи, до толку тайа крие во себе по-голема опасност. На прво место мие, народните претставители, тука и инаку кога говориме од името на народот, ценейки ги правите народни интереси, ке требе найстрого да удираме по товаи, не само со зборови да удираме, ами на пракса, во решуеньето на секидневните и општодржавните прашанья да го спроведуеме правилниот став. За това ни се дава секой ден прилика и ке ни се дава уште по-веќйе, зошто иднината не води кон се по-цврста заедница, а не кон слабене на истата, зошто ке бидеме ценети по това колку допринесуеме за заедницата а не по убавите зборови.

Неефикасна борба против шпекулантите исто така довогйа во редот на значителните ни слабости. Нам ни е йасно и, особено требе да ни е йасно по говорот на другарот Кардель, дека народните неприатели, поразени на войно и политичко поле, ке се опитат да не биат на економско поле. И баш затова борбата против шпекулантите и разни воени богаташи е составен дел на нашата народно-ослободителна борба против фашизамот. Кой това не го разбира, не ги разбира и началата на народно-ослободителната борба и нашите народни и државни интереси или некйе да ги разбере. Отаде народната власт требе да биде инициатор и организатор на борбата против шпекулантите, против секакви интервенции, нейзините претставници най-доследни застапници на линиата на народно-ослободителната борба и на економско поле и помошници на народниот суд.

Покрай известните успеси се уште не се задоволени сите вапийушти потреби на широките народни маси од градот и селото. Покрай другите причини, тука се навогйа и тайа што нашите органи наседнуат на стари форми на работенье, кои пак не се ретко директно во опречност со интересите на народните маси. Таков беше случайот со Ценземпрос, кой ослонувайки се и консултирайки се со трговците, беше измамен – едно што распиша многу високи цени, друго што дотичните трговци и при тие добро осигурени им печалби не одговорија со нужната одзивчивост. Работейки за задоволуенье на општонародните потреби, нашата народна власт ке требе првенствено да работи да изнайде средства за пойакнуенье државно-стопанскиот сектор и то той начин да ги зацврсне позициите на народната

./.

власт во привредата. Опирајки се на масовите антифашистички организации, како што е ЕНОФ, синдикатите и задругите и со учеството на широките народни маси, народната власт ке може да йа исполни својата привредна политика.

Правейки биланс за изградуеньето на народната власт, покрай сите успеси, особено во врска со изборите, ние ке треба да имаме секой пат на ум дека на нас лежи одговорноста за натамошното изградуеньье и усовршуеньье на народната власт. Во врска со това нас ни предстои уште борба со бирократиата, оспособуеньье на нужниот кадар преко курсеви, организирање на народното судство и т.н. Изградуеньето на народната власт како и досегашните ни успеси би било невозможно без найширока контрола од народот преко одборите на ЕНОФ врху нашата работа, без тесен контакт на органите на народната власт со органите на ЕНОФ. Нас нарочна се задржав по-векье на слабостите во нашата работа од колку на успесите на народната власт. Успесите ги има и при сите мачнотии. Само народната власт койа йа ужива полната поткрепа на нашите народни маси можеше да одговори на толку задачи при такво тешко положение во земйата. И само народната власт, ужива̀йки го доверието на най-широките маси може смело да рече како што ние тука го правиме:" Това и това се нашите недостатаци." Давайки потстрек за уште поголема инициатива кай сите наши органи и кай най-широките маси на работништвото, селаните , еснафите, интелегенцията и т.н., ние, правилно ги оценувайки нашите способности, ке можеме и да ги отстраниме и да йа изградуеме натака нашата млада држава.

Констатирайки го општото консолидирање и нормализирање на приликите во целата земйа и кай нас, ползувайки се со упатствиата добиени од АВНОЙ, би требало на ова заседание да дойде,по консултирање со Главниот одбор на ЕНОФ, до формирање на правителство. Со това Президиумот ке се ослободи от вршеньето на извршната власт. Образуеньето на правителство, кое ке има най-широка инициатива на полето на извршната власт, е крачка напред во изградуеньето на нашата народна власт и нашата државност.

Ова заседание, со решениата кои ке ги донесе и со образуваньето на правителството, ке требе да открие нови возможности за по-лесна работа на нашите органи на народната власт. Нашите досегашни успеси на фронтот и во задниината и историскиот договор со Советскиот Сойуз, нас се надевам, ке ни дадат уште по-шкийо полет за решуеньето на тешките и одговорните задачи.

ДА ЖИВЕЕ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЯ ВО ФЕДЕРАТИВНА И ДЕМОКРАТСКА ЙУГОСЛАВИЯ!

ДА ЖИВЕЕ ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАТИВНА ЙУГОСЛАВИЯ!

ДА ЖИВЕЕ НАШИОТ ВОДАЧ И УЧИТЕЛ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЕДИНСТВЕНОТО ЙУГОСЛОВЕНСКО ПРАВИТЕЛСТВО МАРШАЛОТ НА ЙУГОСЛАВИЯ ЙОСИП БРОЗ-ТИТО!